GS1 Македонија




# 11 милијарди

## причини да им се заблагодарите на баркодовите

*Copyright GS1 France - Fotolia, Istockphoto. Printed 09/11*
За GS1 Македонија: превод и графичка обработка, С. Милутиновиќ

# ВОВЕД

## Важност на стандардите

Стандард претставува договор со кој се структуираат активностите на една компанија. Стандардот може да содржи правила или препораки до кои сите се придржуваа, а може да бидат вклучени и методи за мерење, опис или класификација на производите или услугите. GS1 стандардите се збир на правила за користење и вообичаен јазик кој овозможува ефикасно глобално менаџирање со синџирите на снабдување преку Единствена идентификација на производите, транспортните Единици, локации и сектори, со што разменетите информации се поверодостојни. Меѓународните и мултисекторските GS1 стандарди можат да им помогнат на компаниите да одговорат на прEDізвиците наметнати од глобализираниот синџир на снабдување, со што компаниите ќе станат поефикасни и попрофитабилни.

# GS1 стандардите - подобрување на ефикасноста на компанијата

Бизнис процесите кои премногу често се засновуваат на рачна размена (хартија, факс, телефон) влијаат врз ефикасноста на компаниите на пазарите каде се повеќе владее агресивна борба за конкурентност. Тие генерираат Дополнителни трошоци поради справувањето со хартија, архивирањето на податоците и управувањето со барањата, како и поради недостигот на веродостојни информации. Илјадници документи низ синџирот на снабдување се разменуваат секојдневно помеѓу деловните партнери за да се справат со дизајнирањето, производството, дистрибуцијата и продажбата на произведените производи. Од производната линија до известувањето за плаќање, вклучувајќи ги и пораките од витално значење како наредбите, транспотните налози и фактурите, ефикасноста на синџирот на снабдување зависи од непречениот и безбеден проток на големо количество на безбедни информации.





Баркодовите носат годишна заштеда од **11 милијарди €** во Франција

Од баркодот ...

Производителите ги обележуваат нивните производи со баркод, а трговците ги опремуваат нивните продавници со оптички читачи. Автоматската идентификација на производот на тој начин го олеснува тпроцесот на проверка и ги елиминира грешките кои се јавуваат при внесувањето на податоците, како и времето на чекање. Употребата на баркод е основа за автоматскиот систем за набавки и доведува до подобрување на достапноста на производот. Употребата на бар кодови сега е раширен и на логистиката и помага да се оптимизира инвентарот и акциите на менаџирање, при што се овозможува следливост на поизводот.

## Заштедите овозможени од 30 години искуство

## Во Франција, **28 милиони** нарачки се разменуваат секоја година во комерцијалното работење




... до EDI

Половина од производителите и 100% трговците со производи кои бргу се распродаваат - FMCG (Fast Moving Consumer Goods) ја автоматизираат размената на податоци преку користење на системот за размена на електронски податоци (EDI). Тоа електронско испраќање и примање на документите претставува основа на нивните трансакции во претходно дефиниран формат. Оваа автоматизација е резултат, меѓу другото, на елиминација на трошоците за изготвување на документите на хартија, на поверодостојните податоци и на намалувањето на рачното внесување.

** 2010 истражување спроведено меѓу членките на GS1 Франција.*

# Економско влијаните на стандардите на синџирот на снабдување

## Заштеди постигнати преку користење на баркодовите

Баркодовите доведуваат до годишна заштеда од 5,69% на приходите на мало.* директни, конкретни и мерливи заштеди од употребата на бар кодовите изнесува 2.89% од продажбата. Овие заштеди се поврзани со намалување на времето на процесирање, помалку грешки и подобро користење на времето на касата од страна на операторите.

Индиректните заштеди досегаат до 2.89% од продажбата, што е поврзано со зголемување на продажбата и се должи на подобрите услуги за клиентите, подобро следење на залихите и тековите на продажба во продавниците и надолни корекции на цените.



**5.69% годишна заштеда на трошоците во малопродажбата преку користење на баркодовите**

* *Според студијата: According to the study "17 billion reasons to say thanks", PWC (Vineet Garg, Charles Jones & Christopher Sheedy)*

## Користењето на EDI овозможува заштеди

Имплементацијата на EDI од страна на трговците има стратешко значење, бидејќи од сите оние кои користат EDI нарачки, тие претставуваат 87% од сите нарачки направени преку EDI.

Секоја година, се заштедуваат 794 милиони € преку употреба на GS1 EDI стандардите за вршење нарачки, транспортна документација, фактури и листи на податоци за производите (погледнете ја следната табела).

EDI носи заштеда **од 794 милиони €** годишно во Франција

| Електронски пораки | Број | % | Заштеда во евра |
|---|---|---|---|
| Нарачки | 24. 352.003 | 87% | 449.816.684 |
| Транспотрни документи | 10. 318. 303 | 37% | 191.301.348 |
| Електронски фактури | 9.860.295 | 35% | 139.030.159 |
| Синхронизирани листи на податоци | 320.000 | 10% | 13.440.000 |
| ЗаштEDi за членките на GS1 | | | **793.588.191** |

* Методологија на истражувањето: Заштедите покажани тука се пресметани врз основа на информациите собрани од производителите и трговците и важат во целиот синџир на снабдување. Истражувањето беше спроведено меѓу 98% од специјализираните трговци во врска со нивното магацинско работење, на репрезентативен примерок претставен од бизнис секторите и продажба – од нивните снабдувачи (2009/2010).

Околу **1.6 милијарди € можеа** да бидат заштедени доколку сите сегашни трансакции на пораки (нарачки – транспортни документи - фактури) беа дематеријализирани.

# Заштеда... трансакција по трансакција

## EDI нарачка: годишна заштеда од **18.5€** по порака

Нарачка е порака која иницира бизнис трансакцијата. Сигурноста на овој процес зависи од начинот на кој се изведува: административните трошоци и времето од порачка до испорака.
Рачно процесираната нарачка генерира дополнителни административни трошоци и доведува до повеќе барања отколку кога нарачките директно се интегрираат во информационите системи на тие што треба да ги добијат тие нарачки.

Заштеди за секого во синџирот на снабдување

Праќањето факсови станува непотребно – Се елиминираат рачно внесените нарачки – Се елиминираат грешките поврзани со автоматизираните испораки – Помалку барања за корекции поради грешки при рачното внесување – Намалување на залихите во покуси рокови

Имплементацијата на EDI додава вистинска вредност на бизнис стратегијата на секоја компанија ѝ овозможува конкурентска предност благодарејќи на симплификацијата на интерактијата меѓу партнерите и поголем капацитет на тековите на менаџирањето, само затоа што помал тим може да се справи со поголем обем на работа.

## GS1 Симулатор за Поврат на Инвестицијата

### Како се пресметуваат заштедите постигнати со употреба на GS1 стандардите?

Матрицата за заштеди која е развиена од GS1 Франција им овозможува на менаџерите на копмпаниите на го пресметаат Повратот на инвестицијата - Return on Investments (ROI) поврзан со употребата на GS1 стандардите во синџирот на снабдување.
Овој нов пристап овозможува за секој применет стандард во процесите (референце на производот, реснабдување, отпремување, прием, фактурирање итн.) да се идентификуваат потенцијалните заштеди кои можат да се постигнат ако се применуваат стандардите.

### Како функционира алатката?

Во зависност од тоа дали е производител или трговец, корисникот ги внесува своите податоци во матрица (број на испорачани или примени палети, број на листи на производи, оперативни исплати итн.) ROI Симулаторот тогаш ја пресметува потенцијалната добивка на секое ниво во синџирот на снабдување.
ROI Симулаторот претставува моќна алатка при носењето на одлуки во врска со користењето на стандардите и достапен е преку барање доставено на е-маил адрестата:

**cassi.belazouz@GS1fr.org**



## Електронски транспортни налози и транспортни етикети: заштеда од **0,5 €** по палета

Униформното користење на електронските транспортни налози и обележувањето на транспортните Единици преку користење на GS1-128 транспортните етикети помага да се оптимизираат логистичките операции низ синџирот на снабдување: прием на робата, подготовска на нарачката складирање отпремување на робата. Автоматското добивање на информациите на пакувањата / палетите заедно со електронското доставување на дополнителните информации во врска со тие пакувања / палетите го подобруваат операбилноста и водат кон значително зголемување на продуктивноста. Исто така, се гарантира следливост врз производите.

Заштеди за секого во синџирот на снабдување

Елиминација на трошоците за печатење и прикачување на складишните етикети / Подобра циркулација на транспортните средства / Редукција на времето потребно за проверка при прием на робата / Помалку работници потребни за истовар

Автоматизацијата на логистичките процеси доведе до поголема сигурност во однос на подготовката на нарачките, испораката и начинот на исплата, а исто така се подобрува и продуктивноста на логистиката, се забрзува процесот на прием и се намалува бројот на барања. Како резултат на тоа се подобрува следливоста на квалитетот и безбедноста во корист на потрошувачите.

## Совршена логистика: заштеда од **1 €** по палета

Упростениот прием е процес кој помага да се забрза приемот преку редукција на проверки на квантитетот и квалитетот, со што се зголемува веродостојноста на информациите поврзани со приемот.Тоа е резултат на соработката на производителот и трговецот, која се потпира на меѓусебната доверба и успешната употреба на електронските транспортни налози и транспортната етикета.

Заштеди за секого во синџирот на снабдување

Елиминација на трошоците за печатење и прикачување на складишните етикети / Подобра циркулација на транспортните средства / Редукција на времето потребно за проверка при прием на робата / Елиминација на приговори во однос на приемот / Помалку работници потребни за истовар / Елиминација на проверките на квалитетот

GS1 стандардите овозможуват намалување на времето поминато при прием на робата за повеќе од 50%.

## Електронска фактура: заштеда од **14 €** порака

Фактурите се основен елемент во деловните односи. Без разлика дали служат за сметководствена евиденција или како правен доказ, брзината и квалитетот со кој се обработуваат се од суштинско значење за иницирање на исплата. Дематеријалицијата на фактурите се состои во елиминацијата на испраќање на хартиени фактури и вклучува размена “од компјутер до компјутер” на фактурите со користење на EDI или електронски потпис.

Заштеди за секого во синџирот на снабдување

Елиминација на трошоците за подготовка и испраќање пошта – Редукција на трошоците за контрола – Редукција на усогласувања на сметките – Елиминација на влезните трошоци – Редукција на трошоците за складирање на податоците – Редукција на времето за процесирање на барањата

Ова има голем број на предности поради намалувањето на административните трошоци и трошоците за складирање, но и поради автоматизацијата и насочувањето на процесите (брзина на обработка, интеграција на податоците, усогласување на сметки, итн). Резултат на тоа е подобар пристап до информациите и подобри бизнис односи.

Заштеда од **14 €** по електронска фактура и од **42 €** по листа на податоци за производот





## Синхронизација на информациите за податоците: заштеда од **42 €**

Електронскиот каталог е неопходен за снабдувачот да може да обезбеди сигурни и навремени информации за производот на своите деловни партнери. Партнерите на тој начин можат да се информираат во реално време. Синхронизацијата на информациита за производот гарантира дека производителот (кој поседува информации) и трговецот на мало (кој добива информации) имаат истоветни информации за производот во нивните системи.

Заштеди за секого во синџирот на снабдување

Редукција на времето потребно за внесување на информациите во референцата за производот – Попродуктивно управување со производните листи – Помалку недоразбирања со снабдувачите – Забрзување на воведување на нови производи на пазарот – Зголемена продуктивност при извршување на налози

Административните трошоци стануваат пониски поради елиминацијата на повторното внесување на податоците за производот со употреба на еден формат за размена и до пад на комерцијалните барања. Логистичките и транспортните операции се оптимизирани, камионите се поисполнети, магацинските испораки се побрзи и попрецизни, што резултира со намалување на логистичките застои. Распоредувањето на новите производи до своите места се забрзува. Конечно, достапноста на производите по рафтовите се подобрува (не се јавува недостаток на одреден производ, поголем избор на производи и поголема свежина.



**Над 2.200** снабдувачи со малопродажни производи ги дематеријализираа нивните листи на податоци за производите.

# Постигната операционална совршеност со GS1 стандардите

Годишната студија спроведена од страна на форумот за стока за широка потрошувачка има воспоставено врска меѓу употребата на GS1 стандарди и подобрувања во ефикасноста на бизнисот.

Без употреба на SSCC и на пораки НАРАЧКИ

Со употреба на SSCC и на пораки НАРАЧКИ



Редукција на останувањето без залихи при користење на SSCC и EDI нарачките

Употреба на GDSN 1 - 50%

Употреба на GDSN > 50%



Редукција на дистрибутивните трошоци преку употреба на GDSN



| Поконкурентни | | | |
|---|---|---|---|
| Ефикасност | Задоволство на потошувачите | Подобрување на квалитетот | Оддржливост |
| ❖ заштеда на време<br>❖ намалување на трошоците<br>❖ подобро снабдување<br>❖ зголемена видливост<br>❖ подобрено разбирање на потребите на трговците и унапредени бизнис релации<br>❖ подобрена продажба | ❖ подобри релации со потрошувачите<br>❖ поголемо задоволство кај потрошувачите<br>❖ подобрено снабдување со информации | ❖ поквалитетни податоци<br>❖ помалку сторнирани фактури | ❖ подобар имиџ на брендот<br>❖ помалку отпад<br>❖ оптимизација на употребата на ресурсите<br>❖ подобрена видливост на залихите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ниво на услуги од добавувачот ↑ | Ниво на недостиг на залихи ↓ | Квалитет на фактурирање ↑ | Дистрибутивни трошоци ↓ |
| ❖ GTIN на потрошувачките единици<br>❖ GTIN на кутиите и гајбите | ❖ GTIN на кутиите и гајбите<br>❖ SSCC<br>❖ EDI нарачки<br>❖ EDI транспортни налози | ❖ EDI фактури (за добавувачите) | ❖ GTIN на потрошувачките единици<br>❖ GTIN на кутиите и гајбите<br>❖ EDI нарачки<br>❖ Синхронизација на податоците за производот со GTIN |
| Ниво на чување ↑ | | | Времетраење на нарачката ↓<br>--> цикулус на испорака |
| ❖ SSCC<br>❖ EDI нарачки<br>❖ EDI транспортни налози<br>❖ Синхронизација на податоците за производот со GTIN | | | ❖ GTIN на потрошувачките единици<br>❖ GTIN на кутиите и гајбите |
| Годишен раст на продажбата ↑ | | | |
| Почеток и целосна имплементација на стандардите | | | |

*Табелите се преземени од публикацијата: Подобрување на бизнис перформансите и конкурентноста преку имплементација на стандардите (Резултати на истражувањето спроведено од Форумот за Глобална Усогласеност на стоките за широка потрошувачка (Improving business performance and competitive advantage through the implementation of standards" (Findings of the Consumer Goods Forum Global Compliance Survey - January 2011).*

"Порачка - испорака - информирање за приемот на стоките - известување за плаќањето" Примена на GS1 стандардите во текот на овие процеси носи заштеда од **50 € по нарачка**




# GS1 Франција  придонесува кон дигиталниот развој на компаниите

Од своето основање, мисијата на GS1 е да се олесни трговската размена меѓу фирмите преку развој на мултисекторски комуникациски стандарди. GS1 има визија за свет во кој предметите и информации поврзани со нив циркулират ефикасно и безбедно. Ние го правиме ова за доброто на компаниите и за подобрување на секојдневниот живот на сите.

Нашата мисија е да се биде неутрален лидер кој им овозможува на корисниците да развијат и имплементираат меѓународни стандарди преку обезбедување на алатки и градење на доверба за да се постигне нашата визија.

Од своето основање, мисијата на GS1 е да се олесни трговската размена меѓу фирмите преку развој на мултисекторски комуникациски стандарди. GS1 има визија за свет во кој предметите и информации поврзани со нив циркулират ефикасно и безбедно. Ние го правиме ова за доброто на компаниите и за подобрување на секојдневниот живот на сите.
Нашата мисија е да се биде неутрален лидер кој им овозможува на корисниците да развијат и имплементираат меѓународни стандарди преку обезбедување на алатки и градење на доверба за да се постигне нашата визија.

Идентификувајте, добивајте, разменувајте - трите клучни фази во GS1 стандардите.

Системот GS1 е изграден околу два главни елементи: стандарди за автоматска идентификација и комуникациски стандарди. Стандардире за автоматска идентификација се темелат врз основа на идентификатори (на пр. референца на производот, употреба до датум, број на серијата, и др.) и бар кодовите и / или чиповите за РФИД кои може да ги "носат" овие идентификатори и да ги снимат автоматски во секоја точка на понудата на синџирот на снабдување.

Комуникациските стандарди се користат за размена на податоци за трансакциите (нарачка, фактура, транспортните налози), стабилен носител на податоци (податоци за производот) и видливост на податоците (во врска со настаните).

GS1 стандардите се составен дел на компаниските социјални и еколошки должности

86% од компаниите продолжуваат да праќаат и примаат хартиени документи или ги користат своите мобилни телефони да ги извршуваат своите дневни трансакции.
Во време кога сите компании прават напори за постигнување на одржлив развој, оваа бројка не тера да се замислиме.

Имплементацијата на GS1 стандардите претставува водење на одговорна развојна политика. Елиминацијата на пратките хартија преку дематеријализација на тековите и оптимизирано товарење на камионите преку подобрување на синхронизацијата на информациите за производот се некои од примерите за начините на кои GS1 стандардите придонесуваат за подобра животна средина.




Identify
GLOBAL LOCATION NUMBER
GLN
GLOBAL LOCATION NUMBER
GLN
GLOBAL LOCATION NUMBER
GLN
Manufacturer
Item
Case
Pallet
Transport
Distributor
Transport
Pallet
Case
Item
Store
Customer
GTIN
GLOBAL TRADE ITEM NUMBER
SSCC
SERIAL SHIPPING CONTAINER CODE
GTIN
GLOBAL TRADE ITEM NUMBER
Capture
BAR CODES
EPC/RFID
GS1 SYSTEM DATA CARRIERS
Share
Item Data
Price and Promotion Data
Shipping Notice
Invoice
Product Recall
Request For Quotation
Planning Schedule
Purchase Order

Македонија
Директор
Слаѓана Милутиновиќ

ул. Маршал Тито 19
1000 Скопје, Македонија

Т: +389 (0) 2 32 54 250
Ф: +389 (0) 2 32 54 254
Е: s.milutinovic@gs1mk.org.mk

**www.gs1mk.org.mk**